Република Северна Македонија
ОСНОВЕН СУД ГЕВГЕЛИЈА
СУ.бр.137/23-8
12.10.2023 година
Гевгелија

# КОДЕКС НА ЕТИКА
# НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО СУДСКАТА СЛУЖБА ВО ОСНОВЕН СУД ГЕВГЕЛИЈА

### Член 1

Овој кодекс е збир на етички начела и правила на однесување кои секој вработен во судската служба е должен да ги почитува за време на судската служба

## ОСНОВНИ ПРИНЦИПИ

### Член 2

Вработениот во судската служба во вршењето на работите и работните задачи се води од следните основни принципи:

- професионалност,
- одговорност,
- стручност,
- совесност,
- ефикасност,
- ефективност,
- навременост,
- уредност и
- чесност.

## ОДНЕСУВАЊЕ НА ВРАБОТЕН ВО СУДСКАТА СЛУЖБА

### Член 3

Вработениот во судската служба во вршењето на работите и работните задачи треба:

- да се однесува пристојно и долично,
- да не предизвикува конфликтни ситуации или однесувања кои штетно би влијаеле на итересот и угледот на судот,
- да го почитува утврдениот распоред на работното време.

Вработенипот во судската служба со начинот на неговото облекување треба да остава впечаток на пристојност и делобност.

Вработениот во судската служба треба да се однесува со почит и учтиво кон останатите вработени во судот, граѓаните и странките.

## ИЗВРШУВАЊЕ НА ОБВРСКИ

### Член 4

Вработениот во судската служба зададените задачи треба да ги извршува чесно, совесно, стручно, навремено, ефикасно, ефиктивно, целосно и одговорно.

Вработениот во судската служба, без одлагање ги извршува своите работни задачи и наредбите и задолженијата зададени од страна на претпоставениот, освен ако истите се спротивни на закон.

Вработениот во судската служба работите и работните задачи ги извршува самостојно придржувајќи се до соодветните правила и постапки.

Вработениот во судската служба работите и работните задачи ги врши непристрасно и без предрасуди со еднаков третман кон останатите вработени во судот, граѓаните и странките.

Вработениот во судската служба ги врши работите и работните задачи без политички влијанија, притисоци од службените лица или било кои други лица кои се засегнати од одлука или делување на судот каде истиот е вработен,

## ЗАШТИТА НА ПОДАТОЦИ И ДИСКРЕЦИЈА

### Член 5

Вработениот во судската служба со податоците кои ги добил при вршење на своите работи и работни задачи треба да постапува согласно законските прописи, обезбедувајќи притоа соодветна тајност и заштита на истите.

Вработениот во судската служба ја почитува приватноста на вработените во судот, граѓаните и странките и обезбедува дискреција на податоците кои ги добил при вршење на своите работи и работни задачи.

Вработениот во судската служба со своето работење обезбедува ефикасно, ефективно и економично управување и користење на материјалните средства, опремата и другите предмети во судот со кои работи и укажува на несоодветно располагање со истите.

## АКТИВНОСТИ НАДВОР ОД РАБОТНОТО МЕСТО

### Член 6

Вработениот во судската служба нема да превзема активности надвор од работното место, кои негативно ќе влијаат врз неговото професионално однесување, а со тоа негативно ќе влијаат и врз судството.

Вработениот во судската служба може да биде ангажиран односно да извршува работни задачи надвор од работното место, доколку истите не се во судир со неговиот статус како вработен во судската служба.
Извршувањето на ваквите работи се врши исклучиво надвор од работното време и место.

Вработениот во судската служба нема да прифати односи на соработка со лица или организации кои имаат или имале интерес од одлуките или постапките на судот во кој е вработен во изминатата година.

За извршувањето на работите надвор од работното место, вработениот во судската служба задолжително го известува Судскиотадминистратор односно Претседателот на судот во судовите каде нема Судски администратор.

Вработениот во судската служба нема да дозволи личниот финансиски интерес да дојде во конфликт со неговата положба и статус на вработен во судската служба.
Финансискиот интерес вклучува каква било корист за вработениот во судската служба, неговото семејство, роднините, пријателите за физички и правни лица со кои има или имал деловни врски.

Вработениот во судската служба, за себе или за друг, не бара и не прима подароци, услуги, помош или каква била друга корист, која би можела да има влијание или да се чини дека ќе има влијанија на неговото постапување со што би се довел во прашање неговиот професионален пристап кон работата и работните задачи кои ги извршува.

Вработениот во судската служба нема да прифати подароци или благодарност која би се сметала како награда за работата чие извршување е негова должност.

## ПОЛИТИЧКА АКТИВНОСТ

### Член 7

Вработениот во судската служба има право самостојно и независно да го остварува своето избирачко право.

Вработениот во судската служба своите работи и работни задачи ги извршува на политички неутрален начин.

Вработениот во судската служба не го изразува и застапува своето политичко уверување во вршење на работите и работните задачи.

Вработениот во судската служба во односите со граѓаните и правните лица, како и во односите со другите вработени во судот, нема да ја искажува, истакнува или посредно да ја стави до знаење својата припадност кон одредена политичка партија.

Вработениот во судската служба нема да ги обврзува вработените во судот да се придружат кон одредена политичка партија ниту ги поттикнува да го сторат тоа ветувајќи им награда во кариерата.

ПРИЈАВУВАЊЕ

Член 8

Вработениот во судската служба кој смета дека од него се бара да постапува спротивно на одредбите на овој кодекс тоа го пријавува до Судскиот администратор, односно до Претседателот на судот во судовите каде нема Судски администратор.

Вработениот во судската служба го известува Судскиот администратор, односно до Претседателот на судот во судовите каде нема Судски администратор, и кога смета дека постои кршење на одредбите на овој Кодекс од страна на други вработени во судот.

Вработениот во судската служба кој го доставува известувањето од став 1 и 2 од овој член не смее истото да го прави за остварување на лични интереси.

Вработениот во судската служба кој го извршил пријавувањето од став 1 и 2 од овој член врз разумна основа и со чесни намери не може да биде повикан на одговорност за пријавување.

СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОВОЈ КОДЕКС

Член 9

За постапување спротивно на овој Кодекс вработениот во судската служба одговара дисциплински согласно одредбите од Законот за судска Служба.

ОСНОВЕН СУД ГЕВГЕЛИЈА
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Марица Аврамчева Зафирова